Врз основа на член 213-г став (2) од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10 и 52/10), министерот за труд и социјална политика на предлог на Комисијата за утврдување на репрезентативност донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за утврдување на репрезентативност**
**на синдикат на ниво на гранка односно оддел**

1.Се утврдува репрезентативност на Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија (Скратен назив "Синдикат на УПОЗ „) на ниво на гранка, односно оддел во областа на **општи државни (услужни) активности, општи регионални и локални (услужни ) активности и судски и правосудни активности**

2.Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.

3.Ова решение ќе се објави во ("Службен весник на Република Македонија").

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија, со седиште на Ул„ 12-Ударна бригада" бр.2, Скопје, на ден 18.03.2010 година под бр. 08-2309/1 до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисија) поднесе барање за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка, односно оддел.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 01.09.2010 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став (4) од Законот и даде Предлог за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел во областа на **општи државни (услужни) активности, општи регионални и локални (услужни) активности и судски и правосудни активности**, заради учество во колективно договарање на ниво на гранка, односно оддел бр.08-2309/2 од 01.09.2010 година.

Бројот на вработените согласно податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија-Статистички преглед бр.2.4.9.09 (628) "Вработени и нето плати во Република Македонија во 2008 година" во областа на судски и правосудни активности изнесува 4.083 вработени, во областа на општи државни (услужни) активности изнесува 5.724 вработени а во областа на општи регионални и локални (услужни ) активности изнесува 3.861 вработени.

Вкупниот број на членови кои плаќаат членарина во Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија кои плаќаат членарина, бројот на членовите на синдикатот во областа на судски и правосудни активности изнесува 1.335 вработени односно 32,7%, во областа на општи државни (услужни) активности и општи регионални и локални (услужни ) активности изнесува 3.068 вработени, односно 32 % од вкупниот број на вработени во гранката односно одделот.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Министерството за труд и социјална политика под бр.08-2309/3 од 22.09.2010 година.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

**Министер,**
**Xhelal Bajrami**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ